Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# П Р Е Д Л О Г
## на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија

Скопје, септември 2010

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија („*Службен весник на Република Македонија „бр.*60/2003, 161/09) се уредува основањето на Агенцијата, заедно со нејзините надлежности, организација и работење.

Владата на Република Македонија во однос на реформите на јавната администрација укажа на потребата поголем број закони да бидат усогласени со законот за државни службеници, кој стапи на сила 23.03.2010 година.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 179-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24.08.2010 година, Министерството за економија е задолжено најдоцна до 01.09.2010 година да го подготви и за седница на Владата да ги достави измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија. Министерството за економија пристапи кон реализација на обврската по горецитираниот Извадок од Нацрт – записникот на Владата на Република Македонија и во консултации со Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија подготви Предлог на законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е воведување реформи во јавната администрација и усогласување со Законот за државни службеници.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:
-се укинува надлежноста на Управниот одбор на Агенцијата во врска со донесувањето на општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата и истата преминува во надлежност на Директорот на Агенцијата,
-се менува статусот на постојано вработените во Агенцијата, на начин што за истите е предвидено добивање статус на државни службеници по автоматизам, чии права и обврски од работниот однос ќе бидат регулирани согласно Законот за државни службеници, наместо досегашниот Закон за работни односи.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања и дополнувања на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија не е потребно обезбедување финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Законот за основање на Агенција за подршка на претприемништво во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 60/2003, 161/09), во членот 11 ставот 1 алинеја 3, пред зборот "програма" се додава зборот "годишна", додека алинеја 10 и алинеја 11 се бришат.

### Член 2

Во членот 13 став 1 алинеја 2 пред зборот "програма" се додава зборот "годишна" и пред зборот "финансиски" се додава зборот "годишен".

Во членот 13 став 1 алинеја 5 се менува и гласи:

- Го донесува Актот за систематизација и внатрешна организација на Агенцијата.

Алинеја 8 се менува и гласи:

- Одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата.

Алинеја 9 се менува и гласи:

- Се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства.

Во алинеја 11 по зборот "со" се додаваат зборовите "овој закон и".

### Член 3

Поглавјето : "СТРУЧНА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА" се менува и гласи:

" ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ"

Членот 15 се менува и гласи:

" Постојано вработените лица во Агенцијата се стекнуваат со статус на државни службеници по автоматизам и во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за државни службеници."

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања се во насока на спроведување реформи во јавната администрација, со усогласување со Законот за државни службеници.

Со членот 1 од предлог законот се укинува надлежноста на Управниот одбор на Агенцијата во врска со донесувањето на општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата, додека со измените предвидени во членот 2 оваа надлежност преминува на директорот на Агенцијата.

Со членот 3 се менува статусот на постојано вработените во Агенцијата, на начин што за истите е предвидено добивање статус на државни службеници по автоматизам, чии права и обврски од работниот однос ќе бидат регулирани согласно Законот за државни службеници, наместо досегашниот Закон за работни односи.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија се предвидува измена на постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени и дополнувања на законот се во насока на подобрување на ефикасноста на државната администрација во Република Македонија.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

### Член 11

(1) Управниот одбор ги има следниве надлежности:
- донесува статут на Агенцијата;
- се грижи за спроведувањето на деловната политика на Агенцијата;
- донесува програма за работа и развој на Агенцијата;
- го именува и разрешува директорот на Агенцијата;
- ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Агенцијата;
- донесува годишен финансиски план;
- усвојува годишна финансиска сметка на Агенцијата;
- донесува критериуми за избор на институции за соработка во остварувањето на својата функција и врши нивен избор;
- донесува методологија на подготовка и следење на развојните проекти од малото стопанство;
- ги донесува општите акти за организација и систематизација и други општи акти на Агенцијата;
- одлучува во втор степен по поединечните акти од работен однос донесени од директорот на Агенцијата;
- ги утврдува критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на Агенцијата;
- донесува одлуки за други прашања сврзани со остварување на надлежностите на Агенцијата и врши и други работи утврдени со закон.

(2) На Програмата за работа и развој на Агенцијата од ставот 1 алинеја 3 од овој член, согласност дава Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Програмата на Владата.

### Член 13

Директорот ги врши следниве работи;
- ја претставува и застапува Агенцијата;
- изготвува програма за работа и финансиски план за потребните средства и нивните извори;
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој;
- врши усогласување на деловните активности на Агенцијата;

- именува и разрешува работници на работни места со посебни овластувања и одговорности;
- врши и други извршни работи во врска со работата и работењето на Агенцијата;
-ја организира работата на Агенцијата;
- раководи со стручната служба на Агенцијата;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
- ги спроведува одлуките од Управниот одбор и
- одлучува и за други прашања утврдени со Статутот на Агенцијата.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 15

Стручните, административно- техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата ги врши стручната служба на Агенцијата.